ИСТАНБУЛ

# Ретроспектива на творештвото на Мустафа Асим

Постхумна ретроспективна изложба на дела од македонскиот сликар Мустафа Асим е отворена во угледната ликовна галерија на банката Зираат, во Истанбул. Изложени се ликовни дела, работени во различни техники.

Мустафа Асим почина пред две години. Беше еден од најпознатите млади македонски сликари, илустратори и сценографи, добитник на многу награди, особено за театарски плакат.

Последните години од својот плоден сликарски живот ги мина во Истанбул. Изложбата во банката Зираат ќе биде отворена до 18 мај.

Асим е роден во 1952 година, во Скопје, каде што во 1997 година дипломира на Педагошката академија, во класата на професорот Димитар Кондовски.

Од 1980 до 1986 работел како илустратор и графички уредник во весникот „Бирлик".

Од 1979 година создава сценографии, костими и плакати за претстави во театрите на територијата на поранешна СФРЈ, во Македонија и во Турција. Во Истанбул живееше и работеше од 1993 година. ■